Кон концертот „Оперски приказни“, 13ти мај 2024, Фоаје на НОБ

Концертната приредба на еден вокален уметник најдобро е кога ќе се доживее во моментот, како завршено уметничко дело, кога ќе ја напуштите салата задоволни, полни со музика и ќе понесете впечатоци што бавно се бришат од сеќавањата на љубителите на оперската музика. Впечатокот е дотолку посилен кога музичарите се млади, надежни, полни со младешки ентузијазам поттикнат од нескриената желба да го пренесат растежот во своето интерпретаторско созревање и да се претстават како перспективни и талентирани солисти.

Накусо, тоа би била импресијата од настапот на Билјана Камчева Божиновска, сопран, во пијано придружба на Андреја Наунов, кој се одржа на 13ти мај во Фоајето на НОБ, а беше посетен од голем број љубители на оперската уметност. На програмата на концертот беа арии што обично значат синоним на она што се нарекува популарно во оперската литература, но и со голема специфична вокална тежина и со изведувачко-техничка сложеност на улогите на Мими од „Боеми“ на Џ. Пучини,  Виолета од „Травијата“ и Ленора од „Трубадур“ на Џ.Верди, и Неда од „Паљачи“ на Р.Леонкавало. Изборот на репертоарот е осмислен и програмски конципиран помеѓу улоги на лирскиот сопран и драмскиот, со што младата Билјана Камчева-Божиновска сака да придонесе кон избалансиран уметнички пристап во толкување на различни оперски карактери.

Билјана Камчева-Божиновска е една од најистакнатите и најафирмирани македонски музичари од помладата генерација. Таа е редок пример на музичар активен со два профила на изведба како оперска пејачка и флејтистка, и со тоа претставува уникатна музичка појава. На сцената на НОБ таа дебатира во 2016та со Јенте во мјузиклот „Свирач на покрив“ под диригентската палка на маестро Саша Николовски- Ѓумар. На истата сцена, како оперски солист Камчева-Божиновска настапува во детската претстава „Операта на шумските животни” во режија на Д. Глигоријевиќ, и во бароката опера „Дидо и Енеј” од Х.Персел. Билјана Камчева-Божиновска, како соло-пејач, и како флејтист, настапува и на концерти на фестивалите „Денови на македонска музика“, „Охридско лето“, „Скопско лето“, „Есенски музички свечености“; како солист со Македонска Филхармонија; Националната опера и балет, со камерниот оркестар „Солисти на ФМУ”; со СО на ФМУ - Скопје, а била дел од оркестарот F.A.M.E.’s- како и од РО при МРТВ,  настапила на сцените во Москва, Рим, Фиренца, Софија, Бургас, Белград, Ниш, Приштина.

Андреја Наунов, пијано е добро познат во нашата музичка јавност со завиден број настапи како корепетитор, а особено како уметнички соработник со првенците на НОБ.

Љубопитноста што лебдеше пред изведбата на *Оперските приказни* беше иницирана од заложниот репертоар, потребната комплексност, па и зрелост, во креирањето на секоја од улогите  на горе наведената програма во една вечер. Но, дилема не постои Билјана Камчева-Божиновска се потврди како квалитетен, надарен сопран, со префинето музичко чувство и осмислен сценски настап, рафинирано дозиран од емотивниот контекст на стиховите на оперските приказни. Во ариите на Мими, Виолета и Неда, таа го долови карактерот и, заедно со пијаното создаде лирична топлина и непосредност во интерпретација на карактерните специфики на овие женски ликови. Нејзиниот лирски сопран, прецизните колоратурни пасуси со топла и светла боја во горните регистри ја исполнуваа преполнетата сала. Во аријата на Ленора од „Трубадур“ солистката покажа дека посебно внимание посветува и за развојот на својот глас во однос на драмскиот израз на улогата.

Како гостин на концертот настапи Васко Здравков, баритон кој домашната публика го има запознаено во улогите на Фигаро во „Севилскиот бербер“ на Џ.Росини, Ескамиљо во „Кармен“ на Ж. Бизе, Силвио во „Палјачи“ на Р.Леонкавало, Масето во „Дон Џовани“ на В.А.Моцарт и други. Дуетите во „Травијата“ (Виолета и Жермон) и „Палјачи“ (Неда и Силвио) кои изобилуваат со емоционална тензија пресудна во драматуршката разврска на либеретата на овие опери, Камчева-Божиновска и Здравков, ги изведоа со потребната доза на емоции, издржани мелодиски фрази со чиста инстонација, притоа создавајќи хармоничен спој на нивните гласови и сценскиот настап. За крајниот впечаток на ова музичко доживување придонес даде и Андреја Наунов, кој во симбиоза со одмерени динамички градации на пијаното покажа дека има посебен усет во следење на вокални уметници.

Билјана Камчева-Божиновска пред бројната публика, се потврди како оперски солист кој својот уметнички растеж на сцената го гради со континуирана работливост и комплетна посветеност во оформувањето на личниот репродуктивен интегритет. Секако треба да бидеме задоволни што имаме квалитетни млади оперски уметници, како Камчева-Божиновска и Здравков, но затоа треба културната политика секогаш да води грижа и да ги поддржува новите генерации. Тоа подразбира да им се даде простор навреме, во годините на созревање, со поставување на музички дела кои ќе бидат соодветни на нивниот репродуктивен потенцијал. Меѓу другото, токму затоа изборот на операте кои се на репертоарот на нашата оперска куќа треба да произлегува од капацитетот на сопствените ресурси за да имаат можност сите домашни музичари да настапуваат, а воедно со тоа и претставите да бидат континуирано одржливи на македонската оперска сцена.

Стефанија Лешкова, музиколог